

НОВИТЕТИ,
ПРОМОЦИИ
И МНОГУ
ПОПУСТИ
од 22 јуни
ЛЕТЕН
ФЕСТИВАЛ
НА КНИГАТА
до -70 % попуст
ОДИ КАДЕ
КНИГАТА
ТЕ ВОДИ

ЛЕТЕН ФЕСТИВАЛ НА КНИГАТА

# ОДИ КАДЕ КНИГАТА ТЕ ВОДИ

Каде ќе те одведе книгата ова лето? Во длабочините на твојата душа, во неоткриените предели што се скриени во самите нив, на местото во кое не постојат простор и време?

Откриј читајќи ги најновите наслови што ексклузивно пристигнуваат на овогодишниот Летен фестивал на книгата, што традиционално почнува од 22 јуни. Или, пак, читајќи ги старите добри класици и книгите што во последната година не слегоа од топ-листите на најбарани наслови.

Патувањата траат и траат, и затоа ќе ви требаат многу книги. А за да си обезбедите многу книги, ние ви подготвивме голем попуст до 70 % и различни понуди што ќе ве држат будни и освежени под жешкото сонце.

Фестивалскиот каталог разгледај го тука и отвори го срцето пред патот по кој ќе те носи приказната – оди каде книгата те води!

# Книгата те води кон
# НОВИТЕТИ
# неоткриени предели



Отвори ги книгите како птица што ги раширува крилјата и полетај кон непознати хоризонти. Ако патуваш надвор, спомените ти остануваат во умот. Ако патуваш во себеси, спомените ти остануваат во срцето.

И како што кажал Ибн Батута: „Патувањето првин те остава без зборови, а потоа те претвора во раскажувач“. Во тебе спијат најубавите приказни.

Најди ги во себе неоткриените предели. Отвори ги книгите како птица што ги раширува своите крилја и полетај кон непознати хоризонти.

*Тиктоок сензација*

# Али Хејзелвуд






~~500~~
**420**

„Љубовна хипотеза“ предизвика реакции кај секој нејзин читател. Беше во десетте најбарани книги минатата година, па Али Хејзелвуд стекна своја страстна публика и кај нас.
Ако сè уште ја немаш читано, ова лето ќе го паметиш по неа. А ако веќе си нејзин фан, ти најавуваме нешто уште повозбудливо. Експлозивни резултати од хемиската реакција меѓу двајца истражувачи кои ги зближува еден проект.
Што би направила Марија Кири? Би била ли во ваква несфатлива врска во каква што е втурната нашата хероина од „Љубовни неврони“?
Ова летување загарантирано ќе го поминеш со насмевка на лицето, зашто оваа книга е совршена комбинација од љубов и наука!

*Најжешката романса за оваа година*



# Теса Бејли

Минатото лето ни докажа дека следното нема да можеме да го дочекаме без книга од Теса Бејли. Нејзиниот роман „Се случи едно лето“ беше хит за минатите топли денови, а сигурни сме дека и новиот, што ексклузивно пристигнува на овогодишниот Летен фестивал на книгата, ќе биде вашата омилена придружба за летување.
Со рејтинг од 254.969 и 25.258 ривјус на Гудридс, можете да имате високи очекувања. Приказната за сестрата Хана Белинџер и згодниот рибар Фокс ќе ве освои на прва страница. Неговиот карактер ѝ станува слабост, а тој никако не може да ѝ одолее на единствената жена која има моќ да го скроти. Па зар е можно да бидат само пријатели?
Тие се дефинитивно „Фатени во љубовна мрежа“, но како ќе излезат оттаму? Како пар, или пак ќе останеме со разочарани лица? Откриваме наскоро во новата книга од моментално најпознатата авторка на романси Теса Бејли!




~~500~~
420

*Најдобра*
*книга на*
*„Амазон“ за 2022*
*и за најдобар*
*роман*
*на „Гудридс“*



# Бони Гармус




**Зошто ЛЕКЦИИ ПО ХЕМИЈА привлече толку внимание на светската книжевна сцена и толку многу читатели крена на нозе?** Пред сè, затоа што е бестрашна книга која и во трагичните животни ситуации носи надеж. Бони Гармус ги вади розовите очила и го гледа светот реално и храбро. Ликовите ги гради на хартија како да се од крв и месо. Со многу мани, но и доблести. Со многу падови, но и подеми. Исто како и во животот, и во оваа книга ништо не е рамна линија.
На штандот на ТРИ ексклузивно овој Саем на книгата пристигнува овој светски хит за хемичарката Елизабет Тот, која со својот остар ум ни ги предава лекциите по хемија како да се лекции за животот.

~~500~~
**420**



*Најдобра фантастична книга според „Гудридс“*

# Мадлин Милер

## Нов хит од авторката на „Ахиловата песна“

Кирка е главната хероина на која никој не може да ѝ застане на патот. Дури и ако противникот е посилен од неа.
Со оваа митолошка приказна Мадлин Милер ни нуди животни лекции чии универзални правила важеле и во светот на боговите, а важат и денес. Меѓу нив, и борбеноста и бестрашноста.
Милер влегува во битка со времето. Се враќа векови назад, во нестварниот свет во кој важат законите на стварноста. Војувај и ти со времето во обид да го запреш за да ги прочиташ овие книги во еден здив.

*Финалист за наградата „Оринџ“*






~~500~~
**420**

*Не постои ништо што на крајот не може да се претвори во приказна*



# Елена Феранте






~~450~~
**380**

„Лажливиот живот на возрасните“ е уште една неаполска приказна за преминот од детството во светот на возрасните, со кој Елена Феранте се потврдува како редок бисер на современата книжевност. Умешноста со која таа ги исцртува ликовите и нишките со кои ги гради заплетите во неверојатно осмислен венец, е беспрекорна.

Оваа приказна нè вовлекува во судбината на младата Џована и нејзиното семејство. Таа го бара својот одраз во двете семејства на своите родители, во двете крајности на својата личност. Проникнувањето во долгогодишните семејни тајни ќе ѝ го открие нејзиното вистинско лице.

*Најзагадочната книжевна енигма*



*Восхитувачки роман за смеа, плачење, потрага и љубов*

# Мамен Санчес

Предупредување до сите читатели: овој роман може да изврши длабоко влијание ако имате песимистички поглед на реалноста!
Со сето она што се случува во него, ќе заминете на едно лудо патување од емоции – среќа, тага, детективски размисли, сериозни заплети. Младиот Атикус Крафтсмен кој работи во семејната издавачка куќа е задолжен да отпатува во Мадрид и да го згасне тамошното непрофитабилно списание, кога ненадејно исчезнува во темната внатрешност на Шпанија. Сомнението за неговото исчезнување паѓа врз петте многу сложни жени од оваа редакција, кои се подготвени на сè за да не останат без работа. По него трага инспекторот Манчего, кој е задолжен да ги расплете нишките на настаните во кои романтичната комедија се меша со најтрогателна драма.




~~450~~
**380**

*Патување низ изопачените, лажливи умови на одмаздољубивите срца*



# Ју Несбе




~~450~~
**380**

Кога веќе ќе ги решиш сите детективски случаи на Хари Хуле, препушти му се на истиот мајстор кој го создаде неговиот лик. Оваа книга е особено привлечна затоа што е составена од раскази кои ти нудат можност да наидеш на повеќе заплеткани случаи и интригантни ликови. Неизвесноста ќе те носи од една до друга тема, од едно до друго сомневање. Инспектор, специјалист за љубомора, кој на островот Калимнос ќе се соочи со чудно исчезнување на еден германски турист. Таксист кој ја наоѓа обетката на сопругата во автомобилот на својот работодавач. Жена која дознала дека сопругот ја изневерува и на летот од Њујорк до Лондон му го раскажува својот морничав план на човекот кој седи до неа... Овие се приказни за најмоќните човечки чувства. А тие можат да бидат смртоносни.
Седумте раскази во оваа збирка се уште една потврда дека Ју Несбе е најдобриот крими-автор на денешницата!

# Книгата те води роман(с)и кон срцето



Со секој роман сме сè поотворени кон животот.

Пронајди се во ликовите, во нивните животни приказни, во нивните љубови и проблеми, и начинот на кој тие го живеат животот со полни гради. Само така ќе успееме да го извлечеме најдоброто од себеси. Стани свесен дека ти си главниот лик во својата приказна и знај дека зад перото и хартијата стоиш ти.

Ти ја кроиш приказната, а не таа тебе.










Хемичарката која експериментира со романсите

## Али Хејзелвуд
# Љубовна хипотеза

Олив Смит и Адам Карлсен се најгугланите ликови во последниве две години. Можете да ги најдете насекаде. Ете, толку се популарни, а за тоа придонесува и нивната уникатност. Малиот експеримент на лажна двојка завршува мошне успешно – со двајца лудо вљубени. Но дали Хејзелвуд им предвиде среќен крај, дознаваме дури на последните страници. „Љубовна хипотеза“ во 2021 г. беше прогласена за најдобра романса според Амазон, а беше номинирана и за Гудридс чојс авардс. Вревата што се крена за оваа книга е неоспорно оправдана, а Али Хејзелвуд не планира да запре.






Најпознатата авторка на романтични сплетки

## Теса Бејли
# Се случи едно лето

„Се случи едно лето“ беше летниот хит за 2022 г. и откритие за секој љубител на романсите, но ајде да откриеме што ќе ни се случи оваа лето! Во чија љубов ќе се вљубиме? Теса Бејли може да ги реши сите проблеми на нејзините главни вљубени ликови, но тоа не оди толку лесно. Дали е загарантиран среќниот крај? Откријте во најдобрата романса според Тик-ток. Приказната за сестрите Белинцер има одлични оценки на читачките платформи. Буклист за „Се случи едно лето“ веќе ја назначи Теса Бејли како освојувач на врвот на романсите. Запознајте ги Пајпер и Брендан – толку спротивни што се совршена комбинација за исто толку добра приказна.






~~500~~ 380

## Сали Руни

# Прекрасен свету, каде си

Својот прв роман Руни го напишала на 15 години и оттогаш нејзините идеи се незапирливи. Таа денес е една од најпознатите светски авторки. Актуелна е со „Нормални луѓе“, книгата по која се сними серија на Нетфликс што младите ја обожаваат. „Разговори со пријатели“ не е помалку позната, но „Прекрасен свету, каде си“ со рејтингот од 271.816 читатели и наградата за најчитана книга според Гудридс за 2021, го докажуваат нејзиниот успех.
Како што ја нарекуваат младите, „Селинџер за снепчет-генерацијата“, Сали Руни се чини дека ќе ја обележи и деценијата со своите извонредни дела. Во „Прекрасен свету, каде си“ ќе ја најдете нашата реалност претставена преку четворица млади луѓе кои се борат со тешкотиите на времето обременето од информации и потреба за совршенство.



Најдрагата романсиерка на современите читатели






~~600~~ 450




~~600~~ 450




~~600~~ 450

## Елена Феранте

# Приказна за изгубеното девојче

Двете жени се бореа да избегаат од маалото во кое пораснаа. Елена се омажи и се пресели, објави неколку книги, но се врати во Неапол за да биде со мажот што го сака. Од друга страна, Лила никогаш не успеа да се ослободи од своето минато. Иако сиот живот се обидуваше да го избегне, сега станува незапирлив водач во тоа окружување и успешен претприемач. Сè до кобниот ден…
Секој треба да ги прочита книгите на чии корици стои името Елена Феранте. Голема раскажувачка на незаборавни приказни и вистинска енигма – незаобиколна авторка во современата светска книжевност.



Уникатен автор што може сè

## Франсеск Мираљес

# Посакувам да си тука

Уживај во новото издание на неверојатната љубовна приказна од Мираљес. Запознај го Даниел, успешниот архитект чиј живот изгледа беспрекорно. Сè до почетокот на оваа книга. Но да не се случеа тие пресврти во неговиот живот, да не го оставеше свршеницата, немаше ни да ја најде својата голема љубов. Свесен дека нема веќе што да изгуби, Даниел носи необична одлука: без никому да јави, ненадејно заминува за Париз, каде што живее мистериозната Ева Винтер. Тогаш на површина ќе исплива една огромна, премолчувана тајна која ќе измени сè.




~~380~~ 320



Современиот глас на жената и нејзината моќ

## Иви Данмор

# Покорувајќи го војводата

Пред големата љубов потклекнува дури и тврдокорниот војвода. Инспирирана од магичниот пејзаж на Оксфорд и од страста за романтика, жените пионери и викторијанската ера, Иви Данмор ни нуди историска фикција која ги разгорува сите сетила. Два лика – еднакво непоколебливи и одлучни – жена која се бори за своите права и студениот војвода од Монтгомери. Иви Данмор го доловува духот на ерата запознавајќи нè со група извонредни жени. Ако си една од нив, или ако сакаш да се вљубиш во една од нив, ова е вистинската книга за тебе.




~~500~~ 299




~~500~~ 380

## Дилија Овенс

# Девојката од мочуриштето

Кога ќе го изгуби семејството, босоногата Каја Кларк останува да живее сама во куќичката крај мочуриштето, дружејќи се со галебите во близина на Баркли Коув, тивко гратче на брегот на Северна Каролина. Додека ги поминува деновите истражувајќи го мочуриштето, знае дека си е доволна самата себеси... Сè до едно октомвриско утро, кога полицијата ќе го пронајде телото на Чејс Ендруз, а мештаните веднаш ќе се посомневаат во дивата девојка од мочуриштето.



Беспрекорна раскажувачка на тајни




~~500~~ 360

## Мадлин Милер

# Ахиловата песна

Дебитантската книга на Мадлин Милер постигна неверојатен успех – ја доби наградата „Оринџ“ за литература, беше бестселер на „Њујорк тајмс“ и во меѓувреме се преведе на триесетина светски јазици, меѓу кои и на македонски. Оваа книжевна интернет-сензација го обиколи светот, па дозволи ѝ и тебе да ти го освои срцето. Со оценка од 4,38 и рејтинг од 1.007.045, можеш да ѝ веруваш на статистиката. Каква била судбината на Ахил, каква може да биде во визиите на Мадлин Милер и каква ќе живее во твоите спомени, откриј сега. Запознај ги Ахил и Патрокле во поинаква светлина. Војувај со времето во обид да го запреш за да ја прочиташ во еден здив.



Книжевна пријателка со античките херои



Новото книжевно откритие за 2022 година

## Миранда Каули Хелер
# Хартиената палата

„Хартиената палата“ се појави на светските топ-листи во 2021 година и оттогаш постојано е меѓу најбараните книги. Миранда Каули Хелер се одвојува од другите автори по својата писателска цел, која не е обична амбиција. Со своето искрено пишување сака на читателите да им постави прашања што се позначајни од самите одговори. Пронајди ги во оваа животна приказна чиј заплет може да му се случи секому. Судбоносните одлуки се носат во еден миг. Исто како што и оваа книга се чита во еден здив.






Пријателка на сите вљубеници во тајните

## Барбара О’Нил
# Уметноста на наследување тајни

Барбара О’Нил ги обожава псевдонимите. Сака да си поигрува со читателите, а и со нашите емоции, зашто преку зборовите може да те однесе низ различни емотивни бури. По читањето на некоја од нејзините книги, нема да излезеш истиот човек. Ако сакаш замоци, грофици и тајни, оваа романса ќе ти го заскокотка љубопитството, зашто е невозможно да се остане рамнодушен пред интригите што ги плете Барбара О’Нил. Само еден опис на дворецот Роузмер ќе ти биде доволен да не сакаш да излезеш од него пред да ги откриеш сите тајни што мајката на Оливија Шо, нашата хероина, толку смело ги криела со години.









~~340~~ 280

## Тошиказу Кавагучи

# Пред да се излади кафето

Тошиказу Кавагучи со својот прв роман го прошета целиот свет. Тој докажа дека магичниот реализам може да се допадне секому, особено кога носи поуки за секојдневниот живот. Прашањето што секогаш ја предизвикува љубопитноста токму во оваа книга ги обедини повторно луѓето од целиот свет. Преведена на 34 јазици, оваа приказна за кафулето во кое може да се патува низ времето е книга која не смеете да ја пропуштите. Таа ја обележа 2022 година и не помина месец во кој не беше на топ 10 најчитани книги на ТРИ.



Јапонскиот патник низ времето




~~320~~ 260

## Карстен Хен

# Човекот кој шета книги

Жанрот наменет за книгољупците, книги за книги или „feel good“ романите во 2022 беа во топ 5 најчитани жанрови во светот. Оваа книга им припаѓа и на двата, а по своето објавување во превод од германски јазик веднаш се најде на полиците на секој страстен книгољубец. Ако и ти си меѓу нив, а уште ја немаш прочитано, сега е време да впловиш во оваа прекрасна топла приказна што ќе ти го згрее срцето засекогаш, не само за оваа читачка сезона. Запознај го Карл Колхоф, кој секоја вечер им ги носи книгите во домовите на најверните читатели.



Омилениот германски автор на книгољупците



Кога инспирацијата би имала лик

## Рафаела Жордано

# Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден

Овој роман упорно му пркоси на времето и сè повеќе се зацврстува на списокот меѓу најбараните книги. Позитивна приказна од чии страници ќе излезете насмеани. Несомнено е зошто им е толку драга на сите наши читатели – зашто ја враќа вербата во животот. Исто како и самиот наслов, по читањето ќе започне твојот втор живот. Рафаела Жордано е писателка, сликарка и тренер за креативност. Затоа нејзините книги, меѓу кои се „Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден“ и „Продавница за животни промени“, ги имаат сите светли бои што ти се потребни во животот.




~~340~~ 280




~~450~~ 225



Јапонецот што умее да зборува со мачки

## Сосуке Нацукава

# Мачорот што ги спаси книгите

Слично како „Човекот кој шета книги“, овој роман е вистински дар за книгољупците, но и за секој човек комушто му треба враќање на надежта. Бестселерот на Нацукава е една од најчитаните и најбараните книги во последните години, препорачувана и од критичарите и од читателите. Оваа книга е уште еден доказ за тоа дека магичниот реализам, особено на Јапонците кои толку добро ги оживуваат мачорите и волшебните патувања, е совршено решение за бегање од реалноста, за да ѝ се вратиме на крајот освежени, со нова верба во животот.




~~340~~ 270

Хари Хуле
1




~~500~~
420

Хари Хуле
2




~~500~~
399

# Ју Несбе

## *Скандинавскиот крал на детективскиот трилер*

Ју Несбе, неприкосновениот „крал на трилерите“, е водечки автор на криминалистички романи во Европа. Неговото име ќе е секогаш актуелно на светските топ-листи, а и меѓу читателите. За еден книгољубец е непоимливо да го нема читано Несбе.
Во неговите бестселери се гледа длабокото познавање на човечката психологија. Тој темелно ги истражува меѓучовечките односи, но се занимава и со општествено-економските ситуации и сите проблеми што го засегаат современиот свет.
Следете ги трагите на бруталните приказни со злосторства и мистичност, во придружба на својот познат протагонист, инспекторот Хари Хуле.
Книгите може да се читаат засебно, зашто во секоја од нив Хари Хуле заедно со тебе открива нов случај.
Некогаш тоа може да биде исцрпувачко или страшно.
Но за да биде добар еден трилер, мора да те остави некоја ноќ без сон.

Што е светот без возбуда? Трилери, мистерија, детективски романи – човечкиот разум обожава да решава загатки. Дај му го на умот она што го бара!




~~600~~
450




~~500~~
380




~~500~~
380




~~500~~
380




~~500~~
380



Следниот Стивен Кинг

## К. Џ. Тјудор
## **Девојките што горат**

К. Џ. Тјудор се прослави со својот одличен трилер „Човекот од креда“, инспирирана од мрачните тајни и ужасот во делата на Стивен Кинг, но и од малите гратчиња во кои често престојува. „Девојките што горат“ е трилер сместен токму во едно такво селце кое крие тегобни тајни што се протегаат длабоко во времето. Пред 500 години во него на клада биле изгорени осум протестантски маченици. Пред 30 години без трага исчезнале две тинејџерки. А пред два месеца се самоубил капеланот. Ако си бестрашен, откриј ја вистината. Само биди внимателен!








Британската полицајка раскажува

## Клер Мекинтош
## **Заложници**

Книгите на Клер Мекинтош се преведени на околу 35 јазици и се продадени во над два милиона примерока. Несомнено нејзините добри заплети потекнуваат од работното искуство – таа во 2011 година ја напушта полицијата по 12 години поминати во силите на редот и законот и почнува да работи како писателка. Од нејзиното искуство произлегуваат неверојатните хипнотизирачки трилери, токму каков што е клаустрофобичниот „Заложници“. Дури и најдобрите писатели на загадочни мистерии, како Шари Лапена, им оддаваат признание на застрашувачките трилери на Клер Мекинтош. И на крајот, ќе застанеш пред прашањето: што би направил ти ако си на местото на протагонистката? Ќе спасиш многу непознати животи или само еден – на човекот кој ти значи најмногу?






~~500~~ 380

## Карен Мекквешчен

# Детето на месечевата светлина

Магијата на Карен Мекквешчен е во тоа да создаде морничава приказна и да ги освои љубителите на трилерите, но и читателите што обожаваат белетристика. Буквално за секој кој сака добра книга, од чиишто корици ќе излезе сосем променет. Таа е вистинска романсиерка што има пронајдено одличен стил со кој го задржува љубопитството на читателот, но и ги полемизира темите на човечката добрина, сложените односи меѓу луѓето и невидливите нишки што ги поврзуваат и што неизбежно ги упатуваат еден кон друг. И со оваа приказна ќе останеш воодушевен од тоа колку еден роман може да биде слоевит.



Повеќеслојната авторка на трилери




~~500~~ 380

## Алиса Кол

# Кога никој не гледа

Речиси веднаш по објавувањето, „Кога никој не гледа“ стана бестселер на „Њујорк тајмс“ и „Уса тудеј“. Овој трилер на Алиса Кол е еден од најбараните книги во светот за 2022 година. Таа нè носи во Бруклин, местото кое одеднаш почнува да се менува. Раскинувана од болка поради пропаднатиот брак и загубата на мајка си, Сидни Грин тргнува во истражување со новиот сосед Тео. На почетокот тие не си веруваат доволно кога пред нив се случуваат морничави планови на една корпорација гладна за профит. Но мора да научат да си веруваат, ако сакаат да преживеат. Роман што го покачува нивото на очекување од трилерите.



Американската експериментирачка со стилот

# СКАЛЕСТ ПОПУСТ





3 книги – 5 %

5 книги – 10 %

7+ книги – 15 %





*ЖЕНСКИОТ ГЛАС ШТО НАДАЛЕКУ СЕ СЛУША*

# Румена Бужаровска










## Нови изданија на книгите што го освоија светот

Ценета и преведена на петнаесет светски јазици – Румена Бужаровска е новото големо име во ТРИ. Нејзините најпознати збирки раскази „Осмица“, „Мојот маж“ и „Не одам никаде“ направија најголем пробив на македонската современа книжевност надвор од нашите граници благодарение на нејзиниот исклучителен талент, читлив и привлечен стил со кој успева дури и најсекојдневните теми да допрат до бездната на човечката душа натрупана со проблемите од нашето општество, и со оние универзалните. Мајсторски начин да се соочиме самите со себеси.

*Награда „Стале Попов“ за најдобро прозно дело за 2022 година!*

# Венко Андоновски






„Папокот на светлината“ излезе од печат на 1 декември 2022 година и оттогаш стана најзборуваниот наслов низ сите книжарници, низ улиците и низ македонските читателски разговори. За еден месец се распродаде првото издание, а неодамна излезе третото.

Романот што го чекавме повеќе од 20 години ги надмина сите очекувања, а Венко Андоновски оправдано е повторно во фокусот на културната јавност, ветувајќи нови книжевни и уметнички искуства.

Јан Лудвик, херојот кој трагаше по „Папокот на светот“ пред повеќе од 20 години, патот закитен со книжевни рекорди и награди го продолжи со потрага по „Папокот на светлината“.

~~380~~
**340**

*ТРЕТО ИЗДАНИЕ*
*Најпродавана книга во 2022!*

*„Без сомнение, Андоновски може да се нарече ѓениј, жив класик и книжевен џин, а романот [Папокот на светот] може да се споредува со делата на Умберто Еко и Милан Кундера“.*




~~360~~ **280**




~~340~~ **250**




~~380~~ **290**




~~350~~ **250**




~~350~~ **270**




~~400~~ **320**

*Помагало за пишување, читање и живеење*

# Горан Стефановски






320

## *Име без кое не може македонската современа уметност*

Горан Стефановски внесе нов ветер во македонската драма и книжевност и ја раздува сета прашина што ја беше фатила. Неговото име денес значи многу, зашто не само што го промени текот на книжевноста во 20 век туку и допрва предизвикува промени кај секого од нас. Затоа што со делата што ни ги остави во аманет, тој ни остави и начин да ги менуваме мислењата, чувствата и ставовите, а и неколку помагала за тоа како мајсторски да пишуваме, како него.
Горан Стефановски уште одамна ни даде инструмент и ни покажа како да свириме. Ни даде алат и ни кажа како да го користиме. Ни напиша рецепт за приготвување добри драми. Онака како што пиесите не се пишуваат туку се прават, така и големите луѓе не се создаваат, тие се раѓаат.

*Пресвртот во домашната книжевност*

# Винка Саздова



Книгите на Винка Саздова се како облаци. Додека ги читаш натежнуваат од чувства, а по читањето се празниш. Чудно е. Како едновремено се полниш и празниш. Како на истото место се губиш и пронаоѓаш. Изгуби се. Пронајди се. Танцувај со зборовите на Винка Саздова.

Уште со првиот роман остави неизбришлива трага, а денес е една од најпрепознатливите македонски авторки. Со психолошки изнијансираните ликови во „Вилино“, Винка Саздова го потврдува своето раскажувачко мајсторство. Префинета симболика, очудувачки детали, прекогниции, соништа, сеизмографски треперења на душата. И роман-терапија: ведриот женски лик на Вили од идиличното Вилино, спротивставено на градот како дувло на страстите и осаменоста. Винка Саздова одново ве повикува да го победите стравот и да тргнете во потрага по слободата. Една пукнатина е доволна за да навлезе и темнина и светлина. Што ќе одлучиш да ти влезе во душата, е твој избор. Затоа, секогаш избирај ја светлината.




~~300~~ 250




~~250~~ 199




~~250~~ 199




~~250~~ 199




~~250~~ 199





# Елиф Шафак

*Ненадминатата турска авторка со западен сензибилитет*

## „Тоа што не се искажува со зборови може да се сфати само со молк.“

Елиф Шафак, најчитаната турска писателка и еден од најмоќните женски гласови на светската сцена, зборува за сите прашања поврзани со подемот на национализмот и авторитаризмот низ светот, станувајќи на тој начин глас на нечуените и маргинализираните. „Тоа што не се искажува со зборови може да се сфати само со молк.“ Токму така, Шафак остава без зборови. Ќе те остави и тебе во тишина со своите мисли полни мудрости извлечени од нејзините книги. Тие се задолжителна лектира за сите вљубеници во книжевноста, животот, зборот. Безвременски и трогателни приказни што смело ги расветлуваат разликите и ја откриваат убавина што се крие во нив. Ненадминлива авторка која доследно ги бележи нештата што нè прават различни, а таа во себе ги носи оние што нè прават уметници.




~~500~~ 360




~~500~~ 350




~~450~~ 340




~~400~~ 320




~~450~~ 340




~~450~~ 340

*Јапонскиот крал на магичниот реализам*



# Харуки Мураками



од контекстот на реалноста каква што ја познаваме е карактеристика на неговиот препознатлив стил. Обичните ситуации ги украсува со невозможни дејства, прави пресврт на најневобичаени места и создава мост помеѓу двата брега – реалноста и фикцијата. Неговите книги секогаш се изненадување. Никогаш не знаеш што може да те очекува на следната страница! Провери и воодушеви се.




## Неговите ликови се беспрекорно извајани и нивните умови се несовршено човечки, бидејќи се обликувани од несовршено минато, кое резултира со недефинирана, слободна иднина.



















Ваквото умешно раскажување и пренесување на личното „лудило“ може да се разбере исклучиво со читање на неговите дела. Времето и просторот во нив се надвор од логиката, и можеби токму во тоа лежи најголемата привлечност за читателите. Содржината што се менува и излегува

# Книгата те води

# предизвикувачки четива

## кон разумот



Времето се менува, се менуваме и ние.
Но срцевината останува иста.
Таа сме ние.

Затоа, да ја насочиме целата енергија изучувајќи го начинот на кој размислуваме и чувствуваме, и да ги искористиме сите алатки – какви што се овие книги – за да се оствариме себеси.

Книгата те води до промените. А единственото нешто што е постојано кај човекот е промената. Не плаши се ова лето да патуваш низ страниците на стручната литература. Таму ги има одговорите.





*Спој на науката, чувствата, современите проблеми и универзалните решенија*

# Габор Мате

Статистички сè повеќе возрасни користат лекарства и сè повеќе млади луѓе страдаат од анксиозност и други модерни болести. Што е, всушност, „нормално“ кога станува збор за здравјето?

Со своето долгогодишно клиничко искуство, Мате пишува теоретска книга што може да го промени светот. Со веќе докажаните дела – популарната „Кога телото вели не“, што исцели многумина низ светот и кај нас, и современиот прирачник за родители „Држете се до своите деца“ – „Митот за нормалното“ станува неопходна за секој современ човек.

Поважно од бројките е тоа што книгите на Габор Мате навистина ги лекуваат луѓето од многу психички и физички трауми и болести.

Обезбедете си ја најпотребната и најамбициозната книга на Габор Мате. Зашто алармот за спасување на светот е веќе вклучен.




**наскоро**

## Нова книга за родителството од Габор Мате, најпознатиот психолог кој со зборови лекува животи

Светот оди сè понапред, животот станува подинамичен, психолозите имаат работа прекуглава, но и сè поголемо влијание врз свеста на луѓето, а улогата на родителите никогаш не била толку важна. Габор Мате – феноменот на нашето време, и коавторот д-р Гордон Нојфелд, создадоа книга неопходна за секој родител. Алармот за среќен, здрав и среден живот за вашите деца е вклучен. Децата сè повеќе се угледуваат на врсниците во потрага по својот идентитет и правилата на однесување. Тоа го нарушува здравиот развој и негува непријателска и сексуализирана младинска култура. Затоа, да ги воспитаме навреме онака како што треба. На сцена стапуваат советите од професионалците што ќе ви помогнат да ги насочите вашите најмили на вистинскиот пат.
Современа класика за највознемирувачкиот тренд на нашето време.




~~600~~ **499**

Психологот којшто спасува животи




~~550~~ **420**



*Извонредна книга – многу мудра и човечка.*
Ричард Осман

# Филипа Пери

## Сакајќи неговото дете да биде среќно, секој родител се труди да му го покаже вистинскиот пат. Како да го постигнете тоа?

Една од најзначајните и најубавите врски во животот е поврзаноста со нашите родители и со нашите деца. Но и покрај тоа, во многу семејства овие врски знаат да тргнат во погрешен правец и многу тешко можат да се вратат во нормалниот тек. Оваа книга зборува токму за тоа – што ни ја отежнува поврзаноста со нашите деца и како да ги зацврстиме своите односи.

Наместо да ни го даде совршениот план чекор по чекор, Пери ни овозможува да си создадеме слика за тоа кои нешта ќе нè доведат до добар и здрав однос меѓу родителот и детето. Оваа освежувачка книга, ослободена од секакви ограничувања и осудувања, ќе ви помогне да разберете многу аспекти од воспитувањето на децата од најрана возраст.




~~450~~
360

*Замолчи го противникот што спие во тебе. Сруши го ѕидот што ти го блокира патот до успехот.*



# Стивен Пресфилд




~~300~~
**260**

## Ако животот е уметност, научи како да бидеш добар војувач на уметничкото бојно поле

„Војната на уметноста“ од Стивен Пресфилд е докажан водич за целосно искористување на творечката енергија. Ако знаеш како да ја насочиш, со храброст, следејќи ја вистинската формула и напорно работејќи, страста може да се претвори во цел. Без разлика дали си писател или бизнисмен, оваа книга ќе те инспирира да го искористиш целосно потенцијалот на својот живот за да оставиш траен белег во своето постоење.
Непријателот често го чуваме во себеси, а битката се води во нашите сопствени глави. Тоа најдобро го знае самиот Пресфилд, кој еден период живеел како бескуќник, а денес има успешна писателска кариера. Животот е најдобар учител, но со добар предводник, каква што е оваа книга, не постои непобедлива битка.



*Совети за здрав, среќен и исполнет живот.*

# Александар Митов

Како цивилизација отидовме во многу крајности – прекинавме да допираме земја со голи раце, да одиме по почвата со боси нозе, да спиеме во целосен мрак и тишина, да јадеме необработена храна, да се движиме... Дојдовме дури дотаму да си ги броиме чекорите! Апсурдно е што ни требаа многу нови и сложени проучувања за да стигнеме до старата вистина – во секој од нас е впишан кодот на здравото живеење. Не мораме да знаеме еден куп научни податоци за да живееме правилно и здраво, зашто сме испреплетени со сите нишки на природата и интуитивно знаеме како треба и како сакаме да живееме.
Со своето богато практично искуство како доктор на медицина, магистер по јавно здравје и влијанијата на животната средина врз здравјето, оваа книга на д-р Митов ветува дека ќе ни ги промени светогледите, а со тоа и начинот на живеење.




~~400~~
**360**

*„Лесно е да се каже Не!*
*кога длабоко во*
*тебе гори Да“*
*Стивен Р. Кови*



# Вилијам Јури




~~400~~
**340**

## Човек кој ја знае „моќта на позитивното не“ му кажува да на животот

Позитивното Не никогаш не било толку потребно како денес.  Погрешното Не може да го уништи и она што најмногу ти значи. Затоа оваа книга секому може да му биде од исклучителна корист. Благодарение на докажаните методи на Вилијам Јури, постепено ќе научиш како да кажуваш Не без да предизвикуваш лоши последици и слободно да мислиш на својата иднина. Оној кој ги потиснува своите чувства и не си ги кажува искрено мислите, станува тажен и незадоволен, а таквиот човек не може да си ги оствари соништата.
Не наштетувај си себеси со тоа што ќе се согласуваш на нешто, иако си свесен дека тоа не е вистинската одлука за тебе. Ослободи го оној кој навистина си. Откриј дека „Не“ денес е најважниот и најмоќниот збор во јазикот.



*Најконтроверзниот современ интелектуалец*

# Џордан Питерсон

## Примената на само едно правило од Џордан Питерсон може да влијае врз твојот целокупен живот.

Питерсон им помага на милион читатели да воведат ред во хаосот на своите животи. Неговите стратегии ќе ти помогнат да најдеш значење и цел, дури и кога изгледа невозможно. Питерсон резимирајќи ја вредната етичка, психолошка и философска мудрост, успева да ги дефинира правилата кои ќе те поведат на патот кон најсуштинско јас и ќе го разбудат твоето Битие!

Започни уште отсега:

## Правило број 1
## ЗАСТАНИ ИСПРАВЕНО СО ЗАФРЛЕНИ РАМЕЊА

Секој што доживеал болна преобразба, може да се поистовети со најуспешниот човек.




~~500~~ 380




~~500~~ 380

*Современиот проучувач на минатото и историчар на иднината*

# Јувал Ноа Харари






„Сапиенс“ е интернационален бестселер објавен на над 30 јазици низ целиот свет. Во неа д-р Харари ја опфаќа целата човечка историја, од првите луѓе на Земјата до радикалните – а понекогаш и катастрофални – достигнувања на когнитивната, земјоделската и научната револуција. Врз основа на согледувањата од биологијата, антропологијата, палеонтологијата и економијата, тој истражува како струите на историјата ги обликуваат човечките општества и нашите личности. Храбри, опсежни и провокативни, неговите книги предизвикуваат сè што досега мислевме дека знаеме за тоа што значи да се биде човек: нашите мисли, дејства, моќ... и нашата иднина.

~~500~~
380




~~500~~
450




~~500~~
380




~~450~~
350

## Штефани Штал

# Детето во тебе мора да го најде својот дом

Психологијата во последните години сè повеќе го актуализира значењето на себељубовта и себегрижата како услов за надминување на проблемите со анксиозноста, самодовербата и тешкотиите што ги имаат интровертните лица. Љубовта и грижата кон себе се клучни за среќа, додека анксиозноста сите сме ја почувствувале на своја кожа. Бидејќи овој наш свет е многу динамичен и суров, ни треба практична книга која ќе ни понуди решение за прашањата во нашата глава. Токму „Детето во тебе мора да си го најде својот дом“ е книгата што ги има вистинските одговори.



Авторката која го има клучот за речиси сите проблеми




~~650~~
499

## Карл Густав Јунг

# Човекот и неговите симболи

Карл Густав Јунг е еден од најголемите психијатри на сите времиња и еден од највлијателните современи мислители. Неговата цел, а и целта на оваа книга, е да ни помогне да се спознаеме себеси преку декодирање на пораките на несвесното. На тој начин секој може да проникне во нивната смисла и да ја искористи за приближување до идеалот на исполнет и среќен живот. Со над 500 илустрации кои ја прават неповторлива, оваа книга ја покажува функцијата на соновите, нивното психолошко значење во секојдневните искуства и симболичното значење на уметноста.



Најголемиот психијатар на сите времиња

# Книгата те води
# Личен развој
# кон среќата







Ниеден пат до среќата не е прав. Но едно е сигурно – ти самиот одлучуваш на која страна ќе тргнеш. А бидејќи „Среќата е патувањето, а не целта“, како што нè учи Робин Шарма, уживај целосно во секој чекор до радоста.

Зад секој среќен човек стојат полици прочитани книги. Кога ова лето ќе исчиташ еден куп книги од областа на личниот развој, ќе видиш колку си станал свој.

Ова лето среќата нека ти биде посакуваната дестинација. Зашто кога еднаш ќе пристигнеш таму, секогаш ќе ѝ се навраќаш.



*Одличен водич за разбирање на намерите, мислите и емоциите на луѓето*

# Патрик Кинг




Ова лето развиј ја својата вештина за читање карактери. Олесни си ги односите со луѓето, а најпосле и својот живот, преку декодирање на говорот на телото и разбирање на човечката природа.

Станете читач на мисли. Да, со вистинската книга во раце возможно е да ги анализирате луѓето без да кажат збор. Секоја техника од овој учебник за човечки односи ќе ви помогне да ги разберете свесните и несвесните сигнали што другите постојано ви ги праќаат.

Патрик Кинг е меѓународно признат автор со голем број продадени книги. Во што се состои неговата посебност? Во тоа што црпи од различни извори – од научните истражувања, од своето животно искуство, но и од реалниот, секојдневен живот.

Читањето на луѓето како отворена книга не е само обична умешност, туку може да стане и уметност!

**наскоро**




~~320~~
**280**

## Бријана Вист

# Планината си ти

Книгата која го промени текот на популарната психологија по своето објавување во 2020 година. Сега е време да го направи тоа и кај тебе. Ова е повик за будење што влева надеж за надминување на сите пречки што ни стојат на патот кон себеостварувањето. Заборави ги правилата за она на што те учеле и свесно избери нови уверувања за да создадеш живот што длабоко го посакуваш и го заслужуваш.



Непоколебливиот водич по рутата до врвот






~~380~~
**320**

## Тибо Морис

# Завладејте со своите емоции

Продадена во 100.000 примероци, оваа книга содржи докажана програма што ќе те научи на 31 практичен чекор за совладување на негативните емоции. Ќе ти покаже како емоциите да работат за тебе и ќе ти помогне да ја научиш формулата за преобразба на мислите. Тибо Морис бил интроверт и неговата повлеченост не му овозможувала да ги постигне целите што ги посакувал. Кога одлучил да си го подобри животот, сè се променило. Ова е неговата приказна за тоа како ја пронашол среќата. Може да биде и патоказ кон твојата.



Владетелот со емоциите и нивен скротувач



*Калуѓерот којшто менува животи*

# Робин Шарма




~~600~~ 460

## „Манифест на секојдневниот херој“ ќе ти подаде херојска наметка. Ќе те инспирира како никогаш досега.

Гурото Робин Шарма, експертот за насочување на мислите, повторно е светилник кон твојата сигурна иднина. Ако си креативен, продуктивен, амбициозен – или сакаш да станеш – оваа книга е за тебе. Како и сите од Робин Шарма. Неговите 12 книги се продадени во над 20 милиони примероци во над 96 земји во светот. Шарма е доказ дека ние самите сме творци на својата судбина. Зашто не е доволно само да знаеме што треба да направиме – мораме тоа знаење да го примениме за да живееме како што сакаме.




~~380~~ 299




~~500~~ 380




~~320~~ 250




~~380~~ 290




100

## Емил Куе
# Како да владеете со себе

Автосугестијата е најдоброто и најевтиното средство што им е достапно на сите, а многумина не знаат да го користат. Таа е моќ што секој човек ја добива со раѓањето и може неограничено да ја применува за остварување на сè што ќе посака. Оваа класика за самопомош во себе содржи и една скриена порака – за моќта на надежта и позитивната мисла, за вербата во човекот и неговата способност да влијае врз сопственото постоење, наместо да биде марионета во рацете на судбината.



Фармацевтот кој ги решава животните прашања со автосугестија




100

## Орисон Свет Марден
# Железна волја

**„Човек кој поседува некоја дарба, поткрепена со цврста волја, ќе оствари многу повеќе од човек со десет дарби без волја.“**
Светот нè цени онолку колку што се цениме самите себе. Светот верува во личноста која самата верува во себе. Верувајќи во себе и следејќи ги советите на таткото на модерната филозофија на успехот, Орисон Марден, можеме да ги оствариме сите замислени цели.



Таткото на модерната филозофија




100

## Џејмс Ален
# Какви му се мислите на човека

**Светот е огледало на човековите мисли.**
Како што не може да имате пријатен и удобен дом ако не дозволите чистиот воздух и сончевината да продрат во собите, така и силното тело и ведрото, среќно и спокојно лице ќе ги добиете само доколку слободно пуштите во умот да завладеат радосни мисли, добронамерност, ведрина и спокој. Мудар џебен прирачник, безвременска класика која е задолжително четиво за секој човек!



Безвременски класик



*Лидерот кој ги менува животите на милиони луѓе*

# Дејл Карнеги

## Пионер во областа на самоподобрувањето кој проникнува длабоко во човековата природа извлекувајќи го најдоборо од секоја личност

